# О П Ш Т И Н А   Г Е В Г Е Л И Ј А

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

5 јуни 2025 година, - Службен гласник на Општина Гевгелија Број 11 Година XLIV

## *С о д р ж и н а*

*страна*

362 Одлука за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2025 година ---------------------------------------------------------------------------------------------------- 03
363 Одлука за подигање спомен – обележје биста на Д-р Александар Сингер--------------------- 04
364 Одлука за формирање одбор за подигање спомен обележје-биста на Д-р Александар Сингер------------------------------------------------------------------------------------- 06
365 Решение за именување Претседател и членови на Комисијата за распределба на простории во сопственост на Општина Гевгелија, без надоместок, на корисници - Здруженија на граѓани, фондации и сојузи со седиште во општина Гевгелија-----------------08
366 Одлука за донесување на Техничка исправка во УПС Прдејци општина Гевгелија (Одлука бр.09-1864/1 од 24.07.2015) за ГП 3.2 и ГП 14.13-------------------------------------------09
367 Одлука за определување ширина на крајбрежен појас на водотек, канал Раул во град Гевгелија за дел од ДУП за блок 10 (10.5) општина Гевгелија ------------------------------------------10
368 Одлука за определување крајбрежен појас на големи води на крак од канал Раул во границите на ГУПнна град Гевгелија Измени и дополнување за плански период од 2011-2021 год.(Одлука бр. 07-1436/1 од 16.07.2012 г.)-----------------------------------------------------11
369 Одлука за давање согласност на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ ,,Детска Радост“-Гевгелија------------------------------------------- 13
370 Одлука за давање согласност на Правилникот за внатрешна организација на работните места во ЈОУДГ ,,Детска Радост“-Гевгелија------------------------------------------- 14

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и ,,Службен весник на РСМ“ бр.202/24 ), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**објавување на Одлуката за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2025 година**

Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2025 година, што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 04.06.2025 година.

Бр.08-902/2
05.06.2025 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

---------------------------------------------------------

Врз основа на член 36 став (1) точка 2 и 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр 5/02 ги ,,Службен весник на РСМ“ бр.202/24 г.), член 23 став (8) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11192/15 и 209/18 г. и ,,Службен весник на РСМ“ бр 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173 /22 и 170/24 г.), член 31 од Законот за буџетите (,,Службен весник на РМ“ бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16г. и ,,Службен весник на РСМ“ бр. 151/21 г.), член 93 став 2 од Законот за административните службеници (,,Службен весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и ,,Службен весник на РСМ“ бр.275/19, 14/20, 215/ 21, 99/22 и 208/24г.) одредбите на Колективниот договор за вработените во Општина Гевгелија бр.01-375/1 од 24.02.2021 год. Законот за плати и други надоместоци на пратениците во Собранието на РМ и други избрани и именувани лица во РМ (,,Службен весник на РМ“ бр.36/94, 44/90, 11/91,38/91, 23/97, 37/05, 84/05, 121/07, 161/08, 92/09, 42/10, 97/10, 162/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14 и 233/18, член 9 од Законот за исплата на платите во Република Македонија (,,Службен весник на РМ“ бр. 70/94, 62/95, 33/97, 139/14, 147/15 г. и ,,Службен весник на РСМ“ бр. 202/19 г.) и член 38 став (1) точка 4 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21), Советот на Општина Гевгелија на седница одржана на 04.06.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2025 година**

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија за 2025 година (,,Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.26/2024 год.), во членот 16 став 2 и 3 зборовите ,, и во локална јавна установа“ се бришат.

**Член 2**

По членот 17, се додава нов член 17-а кој гласи:
На претседателот и членовите на постојаните и повремени комисии, чиј состав и делокруг се определува со актот за нивното формирање од Советот на Општина Гевгелија согласно член 40 став 2 од Статутот на Општина Гевгелија, за присуство на седници и работа на терен им следува надоместок во висина од една дневница од просечната месечна нето плата во Република Северна Македонија исплатена во претходната година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија.

Бр.09-892/1
04.06.2025 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Ѓорге Попов с.р.**

---

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/02 и ,,Службен весник на РСМ" бр.202/24 ), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија"" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**објавување на Одлуката за подигање спомен – обележје**
**биста на Д-р Александар Сингер**

Се објавува Одлуката за подигање спомен – обележје - биста на Д-р Александар Сингер, што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 04.06.2025 година.

Бр.08-902/3
05.06.2025 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

---

Врз основа член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 202/24), член 18 став (1) од Законот за меморијалните споменици и спомен обележјата („Службен весник на Република Македонија" бр.66/04, 89/08 и 152/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.103/21) и Програмата за одбележување значајни настани и истакнати личности со спомен-обележја во општина Гевгелија за период од пет години -2024-2029 („Службен гласник на Општина Гевгелија бр.08/2024), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 04.06.2025 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА
## ЗА ПОДИГАЊЕ СПОМЕН-ОБЕЛЕЖЈЕ – БИСТА НА Д-Р АЛЕКСАНДАР СИНГЕР

**Член 1**

Се донесува Одлука за подигање, чување, одржување, заштита и користење на спомен-обележје – биста на д-р Александар Сингер (1914 – 1996), доајен на гевгелиското здравство, втемелувачот на медицинскиот центар во Гевгелија, основач на Интерното одделение, создавач на шаховскиот клуб „7 Ноември“.

Одговорно тело за реализација на иницијативата за подигање на спомен обележјето е Одборот за подигање на спомен-обележјето - биста на д-р Александар Сингер.

**Член 2**

Спомен-обележјето – биста на д-р Александар Сингер ќе биде изработена во бронза.

Спомен-обележјето – биста на д-р Александар Сингер ќе биде поставено во паркот на ЈЗУ Општа болница со проширена дејност Гевгелија.

**Член 3**

За подигање на спомен обележјето ќе се формира Одбор чии членови ќе ги именува Советот на општината и истиот ќе брои пет члена со мандат до поставувањето на спомен-обележјето.

**Член 4**

Средствата потребни за реализација на иницијативата, управување, чување, одржување и заштита на спомен-обележјето ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Гевгелија и од донации.

**Член 5**

На поставеното спомен-обележје или во негова непосредна околина не може да се преземаат дејствија со кои може да се наруши интегритетот на спомен-обележјето без претходна согласност на Советот на општината, како и негово преместување и други прашања поврзани со спомен-обележјето.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-893/1 | Претседател
04.06.2025 год. | на Советот на Општина Гевгелија,
Гевгелија | **Ѓорге Попов с.р.**

-----------------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и ,,Службен весник на РСМ“ бр.202/24 ), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за формирање одбор за подигање спомен обележје-биста на Д-р Александар Сингер**

Се објавува Одлуката за формирање одбор за подигање спомен – обележје - биста на Д-р Александар Сингер, што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 04.06.2025 година.

Бр.08-902/4
05.06.2025 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

---------------------------------------------------------

Врз основа член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 18 став (2) од Законот за меморијалните споменици и спомен-обележјата („Службен весник на Република Македонија” бр. 66/04, 89/08 и 152/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.103/21) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 2/21 и 5/21), а во врска со Одлуката на Советот на Општина Гевгелија за подигање спомен-обележје – биста на д-р Александар Сингер, бр.09-893/1 од 04.06.2025 година, Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 04.06.2025 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА
## ЗА ФОРМИРАЊЕ ОДБОР ЗА ПОДИГАЊЕ СПОМЕН-ОБЕЛЕЖЈЕ – БИСТА НА Д-Р АЛЕКСАНДАР СИНГЕР

**Член 1**

Со оваа Одлука се формира Одбор за подигање спомен-обележје – биста на д-р Александар Сингер (1914 – 1996), доајен на гевгелиското здравство, втемелувачот на медицинскиот центар во Гевгелија, основач на Интерното одделение, создавач на шаховскиот клуб „7 Ноември“.

**Член 2**

За членови на Одборот за подигање спомен обележје од член 1 се именуваат:

1. Катарина Карајанова – Аризанова, претседател;
2. Саша Јованов - член;
3. Ѓорги Стамков - член;
4. Мирјана Крстева – Массети, член и
5. Гордана Петрова - член.

Мандатот на членовите на Одборот е до завршување на спомен-обележјето.

**Член 3**

Одборот за подигање на спомен обележјето ги врши следниве работи:

- распишува јавен конкурс за изработка на идеен проект за подигање на спомен-обележјето;

- ги разгледува општите прашања и предлага мерки и активности во врска со подигањето на спомен-обележјето;
- го следи извршувањето на одлуката и за тоа со извештај го известува Советот на Општина Гевгелија;
- врши и други работи согласно со одлуката за подигање спомен-обележје и другите прописи кои се однесуваат на реализација на активностите од надлежност на Одборо

**Член 4**

Стручните и административно-техничките работи за Одборот ги врши општинската администрација.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-894/1
04.06.2025 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Ѓорге Попов с.р.**

---

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/02 и ,,Службен весник на РСМ" бр.202/24 ), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија"" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за именување Претседател и членови на Комисијата за распределба на простории во сопственост на Општина Гевгелија, без надоместок, на корисници - Здруженија на граѓани, фондации и сојузи со седиште во општина Гевгелија**

Се објавува Решението за именување Претседател и членови на Комисијата за распределба на простории во сопственост на Општина Гевгелија, без надоместок, на корисници - Здруженија на граѓани, фондации и сојузи со седиште во општина Гевгелија , што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 04.06.2025 година.

Бр.08-902/5
05.06.2025 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

---

Врз основа на член 32 став (2) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год и "Службен весник на РСМ" бр.202/24 год.), член 38 став (1) точка 38 од Статутот на

Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06,08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), а во врска со член 2 од Правилникот за користење простории во сопственост на Општина Гевгелија, без надоместок, од страна на Здруженија на граѓани, фондации и сојузи со седиште во општина Гевгелија бр.09-782/1 од 16.05.2025 год. ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.10/25 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 04.06.2025 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за именување Претседател и членови на Комисијата за распределба на простории во сопственост на Општина Гевгелија, без надоместок, на корисници - Здруженија на граѓани, фондации и сојузи со седиште во општина Гевгелија**

1.Со ова Решение се формира Комисија од пет члена, составена од членови на Советот на Општина Гевгелија и од вработени во општинската администрација на Општина Гевгелија,за распределба на простории во сопственост на Општина Гевгелија, без надоместок, на корисници - Здруженија на граѓани, фондации и сојузи со седиште во општина Гевгелија.

2. За членови на горенаведената Комисија се именуваат:

**За претседател**:

- **Марјан Бучков**, член на Советот на Општина Гевгелија

**За членови:**

- **Златко Митров**, член на Советот на Општина Гевгелија,
- **Елена Хаџи-Николова**, член на Советот на Општина Гевгелија,
- **Ристо Аџиниколов**, вработен во општинската администрација на О.Гевгелија.
- **Весна Попова**, вработен во општинската администрација на О.Гевгелија.

3.Членовите на оваа Комисија се должни да постапуваат согласно одредбите во Правилникот за користење простории во сопственост на Општина Гевгелија, без надоместок, од страна на Здруженија на граѓани, фондации и сојузи со седиште во општина Гевгелија со арх. бр.09-782/1 од 16.05.2025 година, да распишат Јавен повик и да го објават во средствата за јавно информирање, и да достават Предлог-Одлука до Советот на Општина Гевгелија со која ќе се определат корисниците на просториите во сопственост на Општина Гевгелија, коишто ќе бидат ослободени од надоместок за користење на просториите (закупнина) кон Општина Гевгелија.

4.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-895/1<br>04.06.2025 г.<br>Гевгелија

Претседател<br>на Советот на Општина Гевгелија,<br>**Ѓорге Попов с.р.**

---------------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и ,,Службен весник на РСМ“ бр.202/24 ), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за донесување на Техничка исправка во УПС Прдејци општина Гевгелија (Одлука бр.09-1864/1 од 24.07.2015) за ГП 3.2 и ГП 14.13**

Се објавува Одлуката за донесување на Техничка исправка во УПС Прдејци општина Гевгелија (Одлука бр.09-1864/1 од 24.07.2015) за ГП 3.2 и ГП 14.13 , што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 04.06.2025 година.

Бр.08-902/6
05.06.2025 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

---------------------------------------------------------

Врз основа на член 63 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл.Весник на РСМ" бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25 и 101/25) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија,, бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 година), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 04.06.2025 година, донесе

# ОДЛУКА

**За донесување на Техничка исправка во УПС Прдејци општина Гевгелија (Одлука бр.09-1864/1 од 24.07.2015) за ГП 3.2 и ГП 14.13**

**Член 1**

Со оваа одлука се донесува Техничка исправка во УПС Прдејци, општина Гевгелија, (Одлука бр.09-1864/1 од 24.07.2015) за ГП 3.2 и ГП 14.13, изработена од „Иванов Инженеринг“ доо Битола со тех. бр.0801-У03-02/13-25 од 04.2025 год.

**Член 2**

Техничката исправка на УПС Прдејци, општина Гевгелија, (Одлука бр.09-1864/1 од 24.07.2015) за ГП 3.2 и ГП 14.13 е дел одУПС Прдејци општина Гевгелија донесен со Одлука бр.09-1864/1 од 24.07.2015 година ќе се применува во форма на прочистена верзија на УПС Прдејци, општина Гевгелија, (Одлука бр.09-1864/1 од 24.07.2015).

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-896/1
04.06.2025 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Ѓорге Попов с.р.**

-----------------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и ,,Службен весник на РСМ“ бр.202/24 ), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлуката за определување ширина на крајбрежен појас на водотек, канал Раул во град Гевгелија за дел од ДУП за блок 10 (10.5) општина Гевгелија**

Се објавува Одлуката за определување ширина на крајбрежен појас на водотек, канал Раул во град Гевгелија за дел од ДУП за блок 10 (10.5) општина Гевгелија , што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 04.06.2025 година.

Бр.08-902/7
05.06.2025 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

---------------------------------------------------------

Врз основа на член 131 став (2) точка 3 од Законот за водите („Службен весник на Република Македонија“ бр.87/2008, 6/2009, 161/2009, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и „Сл. весник на РСМ“ бр.151/21), и член 50 од Законот за локална самоуправа ("Сл. Весник на РМ" бр.5/2002 и "Службен весник на РСМ" бр.202/2024 год.), Советот на Општина Гевгелија на ден 04.06.2025 година, ја донесе следната

# ОДЛУКА

**за определување ширина на крајбрежен појас на водотек, канал Раул во град Гевгелија за дел од ДУП за блок 10 (10.5) општина Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа одлука се определува широчината на крајбрежен појас на Канал Раул опфатен во Измена и дополна на Генерален Урбанистички план за Блок 10 и Измена и дополна на Детален урбанистички план за блок 10 (дел од 10.5), заради заштита и одржување на природното корито на канал Раул. Ширината е определена со Хидролошката студија за големи води на канал Раул, Општина Гевгелија, со тех.бр.111/2025-ХС од април.2025 година, изработена од Друштво за градежништво, трговија и инженеринг „Доминг ЈТД Јован Костадинов“ од Радовиш.

**Член 2**

Изборот на меродавната вода за димензионирање на уреденото корито за водите треба да биде извршен според постојната техничка регулатива и препораките за димензионирање на таков тип на објекти. Според регулативата и водостопанската основа, како меродавна вода за уредување на коритото, се усвојува големата вода со повратен период 100 години.

**Член 3**

Според хидролошката студија и резултатите од анализата и пресметките ширината на крајбрежниот појас е дефинирана со координати како што следува:
- “**Канал Раул**” точка 1 од стационажа 0+000.00 со координати X=4557087.22 Y=7626981.69 до точка 2 стационажа 0+237.71, определена со координати X=4557142,46 Y= 7627212.44
Од хидролошката студија произлегува дека коритото на канал Раул е со димензии: ширина на дно 3м. димензии на светол отвор со ширина 6м во круната, наклон на косини м=1:1 и висина 1,5м, со ширина на крајбрежен појас од најмалку 3м. од двете страни.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен гласник на Општина Гевгелија", а по претходно добиена согласност од Министерството за животна средина и просторно планирање, а ќе се применува при донесување, Измена и дополна на Генерален Урбанистички план за Блок 10 и Измена и дополна на Детален урбанистички план за блок 10 (дел од 10.5), општина Гевгелија.

Бр.09-897/1
04.06.2025 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Ѓорге Попов с.р.**

-----------------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и ,,Службен весник на РСМ“ бр.202/24 ), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за определување крајбрежен појас на големи води на крак од канал Раул во границите на ГУП на град Гевгелија Измени и дополнување за плански период од 2011-2021 год. (Одлука бр. 07-1436/1 од 16.07.2012г)**

Се објавува Одлуката за определување крајбрежен појас на големи води на крак од канал Раул во границите на ГУП на град Гевгелија- Измени и дополнување за плански период од 2011-2021 год. (Одлука бр. 07-1436/1 од 16.07.2012 г.), што Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата одржана на 04.06.2025 година.

Бр.08-902/8
05.06.2025 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

-------------------------------------------------------

Врз основа на член 131 став (2) точка 3 од Законот за водите („Службен весник на Република Македонија“ бр.87/2008, 6/2009, 161/2009, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и „Сл. весник на РСМ“ бр.151/21), и член 50 од Законот за локална самоуправа ("Сл. Весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Гевгелија на ден 04.06.2025 година, ја донесе следната

# ОДЛУКА

**за определување крајбрежен појас на големи води на крак од канал Раул во границите на ГУП на град Гевгелија Измени и дополнување за плански период од 2011-2021 год. (Одлука бр. 07-1436/1 од 16.07.2012г)**

**Член 1**

Со оваа одлука се определува широчината на крајбрежен појас на големи води на крак од канал Раул во границите на ГУП на град Гевгелија Измени и дополнување за плански период од

2011-2021 год (Одлука бр. 07-1436/1 од 16.07.2012г), заради заштита и одржување на природното корито и брегот на водотеците. Ширината е определена со Хидролошката студија за определување на големи води на крак од канал Раул, во границите на ГУП на град Гевгелија општина Гевгелија, со тех. бр.061/2025-ХС од март 2025 год. изработена од „Доминг ЈТД Радовиш“ од Радовиш.

**Член 2**

Ширината на крајбрежниот појас е дефинирана со координати како што следува
- Делница 1 крак на канал Раулод стационажа км. 0+000.00 до стационажа км.0+879.13 определена со граничните точки $T_1$: X=7624444.41 Y=4556149.76 и $T_2$: X=7625250.66 Y=4556342.06, со ширина на крајбрежен појас од најмалку 3м. од двете страни.
-Делница 2 на крак на канал Раулод стационажа км 0+879.13 до стационажа 1+086.22 определена со гранични точки$T_2$: X=7625250.66 Y=4556342.06 и $T_3$: X=7625366.06 Y=4556514.06,со ширина на крајбрежен појас од најмалку 3м. од двете страни.

**Член 3**

Изборот на меродавната вода за димензионирање на уреденото корито за водите треба да биде извршен според постојната техничка регулатива и препораките за димензионирање на таков тип на објекти. Според регулативата и водостопанската основа, како меродавна вода за уредување на коритото, се усвојува големата вода со повратен период 100 години.

Според направената хидраулична анализа на речното корито добиени се следните карактеристики на попречен пресек на крак од канал Раул:

-ширина на дно 2,5 м
-наклон на десна косина 1,75м/м
-наклон на лева косина1,75м/м
-длабочина 1.00м

Ширината на крајбрежниот појас изнесува најмалку 3м. од двете страни на крајните рабни линии на коритото.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен гласник на Општина Гевгелија", а по претходно добиена согласност од Министерството за животна средина и просторно планирање, а ќе се применува при донесување, изменување и дополнување на Детални урбанистички планови во блок 15 во општина Гевгелија.

Бр.09-898/1
04.06.2025 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Ѓорге Попов с.р.**

**--------------------------------------------------------------**

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и ,,Службен весник на РСМ“ бр.202/24 ), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за давање согласност на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ ,,Детска Радост“-Гевгелија**

Се објавува Решението за давање согласност на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ ,,Детска Радост“-Гевгелија, што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 04.06.2025 година.

Бр.08-902/9
05.06.2025 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

**--------------------------------------------------------**

Врз основа на член 117 став (1) од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14.....198/18 год. и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22 год.), и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 04.06.2025 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за давање согласност на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ ,,Детска Радост“-Гевгелија**

1.Се дава согласност на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ ,,Детска Радост“ Гевгелија, донесен од Управниот одбор на установата со Одлука бр.02-157/3 од 29.05.2025 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-899/1
04.06.2025 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Ѓорге Попов с.р.**

**------------------------------------------------------------**

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и ,,Службен весник на РСМ“ бр.202/24 ), а во врска со член 62 став 1 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општината Гевгелија“” бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за давање согласност на Правилникот за внатрешна организација на работните места во ЈОУДГ ,,Детска Радост“-Гевгелија**

Се објавува Решението за давање согласност на Правилникот за внатрешна организација на работните места во ЈОУДГ ,,Детска Радост“-Гевгелија, што Советот на Општина Гевгелија го донесе на седницата одржана на 04.06.2025 година.

Бр.08-902/10
05.06.2025 год.
Гевгелија

Градоначалник
на Општина Гевгелија
**Андон Сарамандов с.р.**

-------------------------------------------------------

Врз основа на член 117 став (1) од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14.....198/18год. и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22 год.), и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 04.06.2025 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за давање согласност на Правилникот за внатрешна организација на работните места во ЈОУДГ ,,Детска Радост“-Гевгелија**

1.Се дава согласност на Правилникот за внатрешна организација на работните места во ЈОУДГ ,,Детска Радост“ Гевгелија, донесен од Управниот одбор на установата со Одлука бр.02-157/4 од 29.05.2025 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-900/1
04.06.2025 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Ѓорге Попов с.р.**

-----------------------------------------

*СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА“*, ***Излегува по потреба***
***Уредува и издава: Општина Гевгелија-Одделение за правни работи.***
***Ул. ,,Димитар Влахов“ бр. 4 Гевгелија***